ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ - Скопје

# ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ 2020/2021 ГОДИНА



**ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН И ТЕМАТСКИ ПЛАН**

**ЗА РАБОТА НА ПРОДОЖЕН ПРЕСТОЈ**

Продолжен престој е наменет за учениците од одделенска настава во основните училишта. Во склоп на продолжен престој се организира редовна исхрана на учениците активно - пасивен одмор и рекреација пред и после наставата како и активно повторување на содржините и дополнување со нови знаења. Домашните задачи за учениците претставуваат продолжување на работата од часот и тоа е највисок степен на нивната самостојност во работата. Со пишувањето на домашните задачи тие утврдуваат знаења, вештини, навики и се развива чувство за одговорност кон работата и учењето, што придонесува во насока на подготовка за самообразование.

Поради комплексните задачи, цели, содржини и облици на работа во продолжен престој има потреба од програмирање и планирање на содржината на работата. На тој начин ќе се истакне изборот на содржините кои ќе се реализираат, на кој начин ќе се реализираат, со какви средства, методи и техники на работа.

Продолжен престој е место каде што ученикот треба да ги извршува сите активности кои што ги извршува и дома. Затоа значењето на продолжен престој најубаво ќе се истакне ако се нарече втор дом на ученикот. Продолжен престој не е продолжен дел од наставата, но според содржините на работата во голем дел е поврзан за наставата и не ретко и зависен во изборот на содржините за работа. Но, за да се оправда компарацијата на продолжен престој со домот, мора да се истакне дека тоа е место подеднакво и за учење и за игра и за забава, дружење и надградување и наградување на знаењата. Па, затоа поради овој збир од најразлични видови активности што се реализираат, важно е да се истакне дека продолжен престој има педагошки, психолошки, социолошки и медицински карактер.

Од истата причина самото планирање на содржините налага на распределување на активностите според видот, пред се на:

1. **Работа со учениците;**

2. **Соработка со родителите;**

3. **Соработка со наставниците;**

3. **Соработка со директорот, , педагогот, ,воспитно - образовните установи, педагошки от завод и и други институции..**

## РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

Работата со учениците е најважниот и најкомплексниот дел од работата во продолжен престој. Работата со учениците содржи активности кои се продолжение на наставата, но и активности кои не се во врска со наставата. Поради тоа активностите се поделени во два вида, а разбирливо на тоа и работата во продолжен престој е поделена на две етапи, односно организирана е за реализирање на:

1. **Насочени активности**
2. **Слободни активности.**

## 1. Насочени активности

Насочените активности се поврзани со образованието на ученикот и организирањето и реализирањето на истите е секогаш поврзано со наставната програма. Од тука потекнува потребата за континуирано следење на наставата и од наставникот кој работи во продолжен престој, односно тој мора да го прати начинот на нејзината реализација, употребата на наставните средства, методите кои се користат, целите и задачите кои се реализираат. На тој начин се констатираат целите и задачите кои се реализираат во продолжен престој (насочените активности). Според своите содржини, наставните активности наложуваат реализирање на многу цели и задачи:

**Цели и задачи за насочени активности:**

- обработка на домашните задачи;
- проверка на домашните задачи;
- насочување, мотивирање и помагање на пооделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини;
- изработка на пообемни и посложени задачи за учениците кои без потешкотии ги совладуваат наставните содржини;

- дополнување на наставните содржини;
- проширување на наставните содржини;
- проверка на знаењата;
- вежби;
- мотивирање на учениците за меѓусебна помош во учењето;
- изнаоѓање на нови и посовремени начини за реализација на домашните и активности кои се поврзани со наставните содржини;
- оспособување за осамостојување на учениците во работата;
- оспособување за самостојно проверување на изработеното и наученото;
- индивидуален пристап во работата со учениците;
- контролирање и координирање на успехот на учениците.

## Средства и методи

Сите овие цели и задачи, а и многу други кои произлегуваат во

текот на работењето - реализирањето на активностите бараат примена на најразлични средства и методи и различен приод во работата. Затоа, како и во наставата, така и во продолжен престој се применуваат:

- индивидуална работа,
- работа во парови,
- групна и фронтална форма на работа.

Се применуваат: наставни средства, наставни ливчиња, сиот можен прибор за работа, различен вид на литература (енциклопедии, прирачници и друга избрана литература) ТВ , компјутери ,прожектори и многу други наставни и нагледни средства во зависност од креативноста на наставникот.

## 2. Слободни активности ( други активности)

Други активности се збир од најразлични видови активности каде што доаѓа до израз слободата на личниот избор на учениците. Овие активности најчесто се оформуваат по желба на учениците, но сепак мотивирани и поттикнати од наставникот. Целта на другите активности е преку нив учениците да се одмараат, релаксираат и опуштаат. Со дозволата тие сами да одберат со какви активности ќе се занимаваат им се дава до знаење дека продолжен престој е место различно од наставата, дека тука можат да си играат, да се забавуваат, да го продлабочуваат меѓусебното другарување и почитување. Овие активности се реализираат и преку изучување на интересни содржини, стекнување навики и стекнување на убаво воспитување. Поради разнообразноста на слободните активности тие се поделени во неколку области:

- **здравствено-физичко подрачје,**
- **научно-техничко,**
- **уметничко-естетско подрачје**
- **општествено подрачје.**

## Здравствено-физичко подрачје

Ова подрачје опфаќа активности што се од областа на спортот, и тоа: лесна атлетика, мал фудбал, ракомет, кратки излети, игри за развивање на моториката, штафетни игри, натпревари, ритмички и народни игри, игри на снег, игри со коцки, игри за размислување (шах, не лути се човеку, сложувалки), гледање ТВ, слушање музика и разни емисии. Сите овие активности се изведуваат во: занимална, фискултурна сала, во училишен двор или во блиската околина.

### Целта и задачите на здравствено-физичките активности се состојат во:

- правилен физички развој и оформување на телото;
- усвојување на извесни знаења и вештини од спортот;
- одмор и рекреација пред или по наставата;

- стекнување чувство за организација во игрите;
- изградување навики за културно однесување во слободното време
- воведување во разни видови игри;
- изградување на навики за одржување на здравјето и хигиената;
- изградување на правилен однос кон другарчињата;
- развивање на моториката;
- развивање натпреварувачки дух;
- изучување на разни народни игри и танци;
- изучување на ритмички чекори комбинирани со музика итн.

## Научно - техничко подрачје

Ова подрачје опфаќа активности поврзани со науката и техниката. Реализирањето на темите на научно-техничкото подрачје се организира преку разни математички игри, игри со содржини од запознавање на природата и општеството (крстозбори, загатки, ребуси, натпревари на групи) и преку изработка на албуми, карти, гледање филмови и сл.

**Цели и задачи за научно техничко подрачје :**

- да се развие интерес кај учениците за науката и техниката;
- поттикнување за проширување на знаењата дадени во содржините на наставните програми;
- развивање на креативноста кај учениците;
- надградување на учениците преку игра и забава итн.

## Уметничко - естетско подрачје

Ова подрачје содржи активности поврзани со уметноста, со сите нејзини допирни точки, најразлични видови активности кои го будат чувството за убаво кај учениците. За таа цел се организираат: изложби, се формираат драмски, пеачки и рецитаторски групи, се следат училишни емисии, се слуша музика од секаков вид, се пишуваат состави и други лични творби, натпревари во пеење, сликање.

**Цели и задачи за уметничко- естетско подрачје**

- да се форми чувство за разликување на убавото и неубавото;
- развивање љубов кон музиката и ликовната уметност;
- развивање навики за континуирано уредување на просторот во кој делуваат;
- развивање љубов кон книгата и пишаниот збор.

## Општествено подрачје

Ова подрачје се реализира преку следните активности: означување на поважните историски датуми, посета на културни и историски споменици, изработка на плакати, паноа, албуми, организирање посети на други дневни престои во други училишта, организирање на хумани акции, посета на болни другарчиња, учество на детски маскенбали.

**Цели и задачи за општествено подрачје** :

- социјализацијата,
- изградување навики за културно однесување во разни средини,
- формирање културно-хигиенски навики,
- формирање работни навики,
- формирање на иницијативност , самостојност и самокритичност,
- перманентно грижење за добиените задолженија.

# Соработка со родители

Соработката со родителите се реализира преку групни и индивидуални средби. Средбите со родителите се од големо значење за успехот и поведението на ученикот и општо за неговата работа во продолжен престој.

Соработката со родителите се организира поради:

- запознавање на родителите со условите во продолжен престој;
- запознавање со начинот на кој ќе бидат згрижени учениците;
- запознавање со активностите кои се реализираат во продолжен престој;
- запознавање со успехот на ученикот во реализирањето на домашните задачи и другите активности;
- консултирање за заедничко помагање кај пооделни проблеми
- запознавање со степенот на социјализацијата на ученикот во училишната средина.
- добивање повратни информации од родителот за некои специфични особини во личноста на ученикот за поуспешна комуникација со него;
- запознавање со некои други специфични карактеристики (пр. здравствени или семејни);
- запознавање со одредени нешта кон кои ученикот е склон или надарен, заради нивното продлабочување;
- Наставникот од продолжен престој претставува мост помеѓу родителот и одделенскиот наставник.

## Соработка со наставници

Соработката со одделенските наставници е исто така од големо значење. Пред се поради надополнување на наставниците чии ученици посетуваат продолжен престој, со сознанија за успехот во образовниот и воспитниот процес. Потоа поради потпомагање на одделенскиот наставник во индивидуалната работа со учениците, а и заради доаѓање до сознанија за успехот и поведението на ученикот во наставата за поуспешна работа во продолжен престој. За постигнување на што повисок успех и стекнување на учениците со потрајни знаења, пожелно е наставникот од продолжен престој повремено да ги посетува своите ученици во редовната настава.

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Основи норми и начела:

Ученикот како субјект во воспитно-образовниот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае правата, одговорностите и да се прилагодува на неговите барања.

2. Во воспитно-образовниот процес ученикот се обврзува:

- Воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во однесувањето.
- Да настојува да ги чува честа и благородните традиции на ликот на ученикот, со совесен, одговорен и хуман однос кон работата.
- Да настојува да ја почитува личноста на соучениците, наставниците и родителите.
- Да го негува македонскиот литературен јазик.
- Да служи за пример за својот изглед.
- Да има одговорен однос кон средствата со кои работи и учи.
- Да ја развива својата способност за учење.
- Во учењето да прифаќа нови наставни технологии.
- Да врши самооценување на своите постигнувања.
- Во комбинацијата на учениците да ги цени нивните знаења.
- Да биде солидарен со своите соученици кога има здравствен или социјален проблем.
- Да е искрен и лојален кон себе и другите другарчиња.
- Да се труди училиштето да биде пријатно и безбедно место за учениците.
- Да ги почитува и да се придржува кон правилата содржани во куќниот ред на училиштето.
- Секој ученик се треба да го почитува и споредува овој кодекс на однесување.

## Цели на слободните активности во продолжен престој

### ДРУШТВЕНОСТ:

Децата постојано учат за нивниот свет и како да се однесуваат со другите. Желбата на децата да се поврзат со другите, ги мотивира да учат и им дава сигурност да пробуваат нови работи. Целта во продолжениот престој е да се оспособат учениците да функционираат како самостојни поединци во групата. На тој начин ќе се развива колективниот дух или заедничките активности ќе ги остваруваат со различни возрасти на деца.

### ЕМОЦИОНАЛНОСТ:

Кога зборуваме за емоционалниот развој мислиме на зголемените можности на учениците:

- Да ги идентификува и разбира своите чувства.
- Точно да ги препознаваат и разбираат чувствата на другите.
- Да го контролираат начинот на кој се чувствуваат.
- Да го обликуваат начинот на кој се однесуваат.
- Да се соживуваат со другите.
- Да градат и одржуваат добри односи со пријателите, семејството и другите.

Негативните емоции преку игра, комуникација или музика да се насочат во позитивна насока. Целта е децата да се ослободат од уморот, напнатоста и да формираат позитивен став кон наставата во продолжен престој.

### КРЕАТИВНОСТ:

Важно е да се мотивира креативноста кај секој ученик. Различните активности ќе овозможат секој ученик да ги покаже своите индивидуални способности. Посебно внимание треба да се посвети на детските изработки кои треба да се истакнат на паноа или мали изложби.

### УЧЕЊЕ И ОТКРИВАЊЕ:

Целта е да се насочат учениците за користење информации од повеќе извори: читање, телевизија и користење копмјутери.

- Ученикот да го запознае светот на литературната и народната книжевност.
- Развивање на фантазијата во говорното творештво.

- Читање и анализа на сликовници,книги, лектири, и енциклопедии како извор на знаења.
- Читање и анализа на сопствени поетски и прозни творби.
- Употреба на детски списанија (детски печат).
- Поставување на прашања и давање соодветни одговори на поставените прашања.
- Продлабочување на соработката со библиотеката во училиштето, зачленување на учениците во неа и користење на книги.
- Драматизација на пишан текст.
- Куклена претстава.

## Придобивки на учениците од изработувањето на домашните задачи

Повеќето истражувања направени за домашните задачи докажале дека учениците имаат голема корист од решавањето на домашните задачи. Придобивките од изработката на домашните задачи се во тоа што кај нив се поттикува и се развива независност, одговорност, се развиваат организациските и управувачките вештини , а се стекнуваат и работни навики.

Истражувањата покажале дека кога учењето продолжува и во продолжен престој како и во домот, се добиваат попозитивни резултати, како на пример:

- Да развиваат вештини и способности за саморасудување и саморазмислување;
- Да стекнува позитивен став кон училиштето;
- Да остварува поголема кохезија меѓу училиштето и домашната средина.

Домашните задачи се важна алатка за наставниците во следењето на учениците за разбирањето на содржините , за степенот на поставените вештини. За децата од помала возраст домашните задачи треба да бидат во вид на игра, со цел развивање на нивните способности и вештини.

## ПЛАН ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ

### Септември

| С о д р ж и н а | Време на реализаиција | | |
|---|---|---|---|
| | месец | недела | ден |
| Меѓусебно запознавање | 1 септември | I | 2 вторник |
| Запознавање со просториите за продолжен престој | 2 септември | I | 3 среда |
| Запознавање со редот и кодекс на однесување во училиштето | 3 септември | I | 4 четврток |
| "Доживување од летниот распуст" - илустрација | 4 септември | I | 5 петок |
| Творење по повод „Денот на независноста на Р.Македонија" | 7 септември | II | 1 понеделник |
| Конструктивни игри | 9 септември | II | 3 среда |
| Слушање музика. | 10 септември | II | 4 четврток |
| Посета и функција на просториите во училиштето | 11 септември | II | 5 петок |
| Гледање цртан филм на интерактивна табла. | 14септември | III | 1 понеделник |
| Запознавање со училишниот прибор. | 15 септември | III | 2 вторник |
| Правила на однесување во училница | 16 септември | III | 3 среда |
| Игри во училишен двор. | 17 септември | III | 4 четврток |
| Ликовна творба-"Боите на есента" | 18 септември | III | 5 петок |
| Литературна творба „Есен„ | 21 септември | IV | 1 понеделник |
| Слушање музика по избор на учениците | 22 септември | IV | 2 вторник |
| Работа со разновидни техники(колаж,молив,фломастер) | 23септември | IV | 3 среда |
| Собирање и одземање – вежби | 24 септември | IV | 4 четврток |
| Читање на народни поговорки и мудрости | 25 септември | IV | 5 петок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спортски игри. | 28 септември | V | 1 понеделник |
| Илустрација на есенски плодови. | 29септември | V | 2 вторник |
| Собирање на есенски листови . – Изработки. | 30 септември | V | 3 среда |

ВКУПНО: 21 ден.

ОКТОМВРИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бонтон | 1 октомври | I | 4 четврток |
| Умам да се извинувам и примам извинување-разговор | 2 октомври | I | 5 петок |
| Читање на детски печат | 5 октомври | II | 1 пон. |
| Превенција од насилство | 6 октомври | II | 2 вторник |
| Конструктивни игри | 7 октомври | II | 3среда |
| Илустрација на есенско овошје и зеленчук | 8 октомври | II | 4четврток |
| Разговор-Зошто се прославува празникот “11 Октомври-ден на востанието на Р.М.” | 9 октомври | II | 5петок |
| Активност по слободен избор | 13 октомври | III | 2 вторник |
| Разговор за одржување хигиена во училницата. | 14 октомври | III | 3 среда |
| Читање и прераскажување на непознат текст | 15 октомври | III | 4 четврток |
| Повторување на геометриски форми | 16 октомври | III | 5петок |
| Сообраќајни правила и прописи | 19октомври | IV | 1пон |
| Изработка на плакат ”Симболи на мојата татковина” | 20 октомври | IV | 2вторник |
| Илустрација –Мојот град | 21 октомври | IV | 3 среда |
| Реферат-“Ден на Македонската револуционерна борба” | 22 октомври | IV | 4 четврток |
| Слушање на музика од детски фестивал. | 26октомври | V | 1пон. |
| Ликовна творба: Компир печат. | 27 октомври | V | 2 вторник |
| Гатанки и поговорки | 28 октомври | V | 3 среда |
| Драматизација-водители ,новинари и глумци | 29 октомври | V | 4 четврток |
| Писмено и усно прераскажување на обработен текст | 30 октомври | V | 5 петок |
| **Вкупно: 20 ден** | | | |

## Ноември

| | | | |
|---|---|---|---|
| Моделирање и обликување | 2 ноември | I | 1по |
| Слушање музика и кореографија на песна | 3 ноември | I | 2вто |
| Анимирани филмови. | 4 ноември | I | 3 сре |
| Графомоторички вежби, Диктат. | 5 ноември | I | 4 чет |
| Читање сликовници. | 6 ноември | I | 5 пет |
| Детски печат. | 9 ноември | II | 1пон |
| Илустрација по слободен избор | 10 ноември | II | 2вто |
| Игра: Ден и ноќ | 11 ноември | II | 3сре |
| Творби по повод 13 Ноември | 12 ноември | II | 4чет |
| Зошто го славиме 13 Ноември – Ден на ослободувањена на град Скопје-разговор | 13 ноември | II | 5 пет |
| Слушање музика по избор | 16 ноември | III | 1пон |
| Задачи со собирање и одземање | 17 ноември | III | 2вто |
| Одбележување на патрониот празник на училиштето ООУ: "Крсте Мисирков" | 18 ноември | III | 3сре |
| Детско списание-детски печат | 19 ноември | III | 4чет |
| Декорира предмети. | 20 ноември | III | 5пет |
| Прераскажување на текст | 23 ноември | IV | 1пон |
| Изработка на 2Д и 3Д Форми - хартија. | 24ноември | IV | 2 вто |
| Разговор за обврски во училиштето | 25 ноември | IV | 3сре |
| Игра "топло - ладно" | 26 ноември | IV | 4чет |
| Игри во сала. | 27 ноември | IV | 5пет |
| Активности по слободен избор. | 30 ноември | V | 1по |
| **ВКУПНО: 21 ден.** | | | |

## Декември

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анимиран филм | 1 декември | I | 2вт |
| Разговор за правата на децата(превенција од насилство) | 2 декември | I | 3ср |
| Ритмички игри . | 3 декември | I | 4че |
| Игри по слободен избор. | 4 декември | I | 5пе |
| Читање литературни творби по повод празникот "Климент Охридски" | 7декември | II | 1по |
| Емоции – радост,тага,страв | 9 декември | II | 3ср |
| Гатанки,поговорки и брзозборки | 10 декември | II | 4че |
| Работа со весник(сецкање,лепење) | 11 декември | II | 5пе |
| Вежби за правилно обликување на телото | 14декември | III | 1по |
| Зимски пејсаж. | 15 декември | III | 2вт |
| Зимска облека – илустрација. | 16 декември | III | 3ср |
| Раскажување на доживеан зимски ден | 17декември | III | 4че |
| Празници во нашата татковина. | 18 декември | III | 5пе |
| Доврши ја приказната... | 21 декември | IV | 1по |
| Изработка на новогодишни украси . | 22 декември | IV | 2вт |
| Слушање новогодишна музика. | 23 декември | IV | 3ср |
| Новогодишни изработки. | 24 декември | IV | 4че |
| Ликовна творба - "Зимски пејсаж" | 25 декември | IV | 5пе |
| Довршување на новогодишни украси. | 28 декември | V | 1по |
| Новогодишни празници – уредување на училницата | 29декември | V | 2вт |
| Активности по слободен избор . | 30декември | V | 3ср |
| Прославување на Новата 2021 година. | 31декември | V | 4че |
| **Вкупно: 22 дена.** | | | |
| | | | |

## Јануари

| | | | |
|---|---|---|---|
| Писмена вежба – Доживувања од зимскиот распуст; | 21 јануари | IV | 4че |
| Впечатоци од празниците : Бадник и Божиќ | 22 јануари | IV | 5пе |
| Илустрација на зимски пејсаж. | 25јануари | V | 1по |
| Конструктивни игри - сложувалки | 26 јануари | V | 2вт |
| Следење на приказна на ТВ | 27 јануари | V | 3ср |
| Вежби по математика. | 28 јануари | V | 4че |
| Читаме книги. | 29 јануари | V | 5пе |
| **Вкупно: 7 дена.** | | | |

## Февруари

| | | | |
|---|---|---|---|
| Игри по слободен избор; | 1февруари | I | 1по |
| Почитување на луѓе и предмети-разговор. | 2 февруари | I | 2вт |
| Следење на приказната: "Црвенкапа" | 3февруари | I | 3ср |
| Игра за размислување - Не лути се човеку | 4февруари | I | 4че |
| Игри во фискултурна сала | 5 февруари | I | 5пе |
| Боење во боенки ;<br>Цртање во блок бр: 4 техника: водени боици; тема по избор на учениците. | 8 февруари | II | 1 по |
| Натпревар во убаво читање и илустрирање на читаното | 9 февруари | II | 2 вт |
| Повторување на геометриски фигури | 10февруари | II | 3 ср |
| Следење македонска народна приказна; | 11февруари | II | 4че |
| Натпревар во дигање и носење на топка; | 12 февруари | II | 5 пе |
| Слушање музика - МИО | 15февруари | III | 1по |
| Изработка на фигури од картон; | 16 февруари | III | 2 вт |
| Читање, прераскажување и илустрација на приказната по избор на учениците; | 17 февруари | III | 3 ср |
| Изработка на фигури од макарони; | 18февруари | III | 4че |
| Ритмички вежби илустрирани од слушана музика<br>( кореографија ) | 19 февруари | III | 5пе |
| Состави текст на тема:” Моја омилена игра” – Опис; | 22февруари | IV | 1по |
| Другаруваме со забавната страна од „детскиот печат,, | 23февруари | IV | 2 вт |
| Ликовна творба : “Игри на снегот” | 24 февруари | IV | 3 ср |
| Промени во природата – разговор и илустрација. | 25февруари | IV | 4че |
| Драматизација на новинари- состави текст ;<br>Куклена претстава – по избор на учениците; | 26февруари | IV | 5пе |
| Вкупно:20 дена. | | | |

# Март

| | | | |
|---|---|---|---|
| Игри во училница - карти | 1 Март | I | 1по |
| Изработка на цветови од хартија. | 2 Март | I | 2вт |
| Натпревар во брзо и точно читање. | 3 март | I | 3ср |
| Читање и творење песни за мајката. | 4 март | I | 4че |
| Изработки на честитки за 8ми Март | 5 март | I | 5пе |
| Слушање музика. | 8 март | II | 1по |
| Естетско и културно однесување(примање и давање подарок) | 9 март | II | 2вт |
| Монопол. | 10 март | II | 3ср |
| Опис на омилен лик од лектирно издание | 11 март | II | 4че |
| Цртање пејсаж | 12 март | II | 5пе |
| Мал фудбал – училишен двор | 15 март | III | 1по |
| Весници на пролетта-творби од учениците | 16 март | III | 2вт |
| Текстуални задачи-вежби | 17 март | III | 3ср |
| Еко пораки- изработка на плакат | 18 март | III | 4че |
| Одбележување на денот на пролетта и екологијата | 19 март | III | 5пе |
| Украсување на училницата за денот на пролетта | 22 март | IV | 1по |
| Песни за пролетта - детски печат | 23март | IV | 2 вт |
| Сликање на расцветано дрво | 24 март | IV | 3 ср |
| Пролетни изработки | 25 март | IV | 4 че |
| Игри во природа | 26 март | IV | 5пе |
| Водење на топка со застанување – училишна сала | 29март | V | 1по |
| **Припрема за изработка на маски** | 30март | V | 2вт |
| Изработка на маски за 1Април. | **31 март** | **V** | **3ср** |
| **ВКУПНО: 23 дена.** | | | |

# Април

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на шегата<br>"1 Април" - изработка на маски | 1 април | I | 4че |
| Илустрација на маскенбал | 2 април | I | 5пе |
| Прераскажување на текст по избор на ученикот | 5 април | II | 1по |
| Напиши песна од своето име (Акростих) | 6 април | II | 2 вт |
| Препознавање на букви (латиница и кирилица) | 7 април | II | 3ср |
| Цртање и боење на изучени букви (латиница и кирилица) | 8 април | II | 4че |
| Нашите сличности и разлики (МИО) | 9 април | II | 5пе |
| Моите обврски дома | 12 април | III | 1по |
| Моето семејство | 13 април | III | 2вт |
| Гатанки | 14 април | III | 3ср |
| Народни приказни | 15 април | III | 4че |
| Слушање на музика. | 16 април | III | 5пе |
| Игри во училишен двор. | 19 април | IV | 1по |
| Монети и банкноти | 20 април | IV | 2вт |
| Игри во училишен двор | 21 април | IV | 3ср |
| Ден на Планетата Земја – илустрација. | 22 април | IV | 4че |
| Додавање и фаќање на топка | 23 април | IV | 5пе |
| Игра "Летам ,летам" | 26 април | V | 1по |
| **Разговор со учениците-Како треба да се однесувам на излетничко место** | 27април | V | 2вт |
| Изработка на Велигденски украси. | **28 април** | V | 3ср |
| Велигденски песни. | 29 април | V | 4че |
| Вкупно: 21 ден. | | | |

# Мај

| | | | |
|---|---|---|---|
| Впечатоци од Велигденските празници. | 4мај | I | 2 вт |
| Слушање музика од детски фестивал | 5 мај | I | 3 ср |
| Брзозборки. | 6 мај | I | 4че |
| Едукативни игри. | 7 мај | I | 5пе |
| Изработка со компир печат | 10 мај | II | 1по |
| Игри во училишен двор | 11мај | II | 2вт |
| Игри со лего коцки | 12мај | II | 3ср |
| Драматизација на текст | 14мај | II | 5пе |
| Читање литературни творби | 17мај | III | 1по |
| Анимиран филм-ТВ | 18 мај | III | 2вт |
| Илустрација на овошје и зеленчук | 19 мај | III | 3ср |
| Игри во училишен двор : Фудбал и др. | 20 мај | III | 4че |
| Литературно читање "Првите македонски учители Кирил и Методиј | 21мај | III | 5пе |
| Читање на гатанки. | 25 мај | IV | 2вт |
| Образовна програма за деца-Интерактивна табла | 26мај | IV | 3ср |
| Поговорки | 27мај | IV | 4че |
| Слободна игра и рекреација во училишниот двор | 28мај | IV | 5пе |
| Размислување за своите постапки во текот на учебната година-разговор (превенција од насилство) | 31 мај | V | 1по |
| **Вкупно: 18 дена.** | | | |

## Јуни

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вежби во читање и пишување; | 1 јуни | I | 2вт |
| Вежби во прераскажување: Летото е пред нас; | 2 јуни | I | 3ср |
| Ликовна творба: Лето | 3 јуни | I | 4че |
| Спортски игри во училишен двор; | 4 јуни | I | 5пе |
| Анимиран филм. | 7 јуни | II | 1по |
| Средување на училницата | 8 јуни | II | 2вт |
| Разговор - како ќе го поминам летниот распуст; | 9 јуни | II | 3ср |
| ЛЕТЕН РАСПУСТ ДОЈДЕ ДЕЦА МИЛИ (нашиот последен ден во училиште-забава со слушање и играње на детски песнички) | 10 јуни | II | 4че |
| Вкупно: 8 дена. | | | |

## Дневен ред во продолжен престој:

Продолженоит  престој работи во две смени :

**I (прва ) смена:**

**7:30  -   9:00**  Прием на ученици;

**8:30  -   9:00**  Доручек;

**9:00  -  12:00** Насочени и слободни активности;

**11:30 -  12:45** Топол оброк.

**II (втора) смена :**

**10:45 – 12:00** Прием на ученици;

**11:30 – 12:45** Топол оброк;

**14:00 – 14:30 Ужинка;**

**12:45 – 17:00** Насочени и слободни активноти

| Тип на час | Наставни форми | Наставни методи | Техники |
|---|---|---|---|
| -Нова наставна содржина;<br>- Повторување;<br>- Увежбување;<br>-Истражувања;<br>-Проектни изработки;<br>Систематизација на знаењата. | -фронтална;<br>-групна;<br>индивидуална;<br>-работа во парови;<br>-активна настава | -дијалошка;<br>-монолошка;<br>демонстрација;<br>- илустрација;<br>-практична работа;<br>-презентација;<br>-работни групи;<br>-објаснување;<br>-дискусија;<br>-анализа;<br>-читање и анализа на текст;<br>-изведбени активности со компјутер ;<br>- играње улоги;<br>- спречување;<br>- поттикнување; | - Бура на идеи ;<br>Поставување на прашања;<br>- Грозд;<br>- Стоп техника;<br>- коцка;<br>- Ѕвезда на текст;<br>- Венов дијаграм;<br>- Скелетен приказ;<br>- Диктат;<br>- Автодиктат;<br>- Акростих;<br>- Аквариум. |

| Наставни средства и материјали ресурси |
|---|
| - Учебникот избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од министерот;<br>- Извори за учење во непосредната околина;<br>- Енциклопедии, лектири, сликовници, стручна литература;<br>- Интернет;<br>- Детски печат ( детски списанија);<br>- Аудио- визуелни средства : телевизор ,ДВД плеер ,компјутер , прожектор и слично. |

| Очекувани резултати |
| --- |
| - Самотојно да изработува домашни задачи;<br>- Самотојно да врши проверка на домашните задачи;<br>- Индивидуално да се врши насочување ,мотивирање и помагање на пооделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини;<br>- Да се изработува пообемни и посложени задачи за учениците кои без потешкотии ги совладуваат наставните содржини;<br>- Самостојно да врши дополнување на наставните содржини;<br>- Самостојно да врши проверка на знаења;<br>- Мотивирање на учениците за меѓусебна помош за учењето ;<br>- Да изнаоѓа нови и посовремени начини за реализација на домашните задачи и активностите кои се поврзани со наставните содржини како ИКТ и методи од активната настава.<br>- Да се стекне со правилен физички развој и оформување на телото, на извесни знаења и вештини од спортот;<br>- Изградување навики за културно однесување во слободно време;<br>- Изградување на навики за одржување на здравјето и хигиената;<br>- Изградување на правилен однос кон другарчињата;<br>- Развивање натпреварувачки дух;<br>- Поттикнување за проширување на знаењата дадени во содржините на наставата;<br>- Развивање на способност за самостојно истражување, учење и самооценување;<br>- Развивање на креативноста  кај учениците;<br>- Надградување на учениците со вештини преку игра и забава;<br>- Да се оформи чувство за разликување на убавото и неубавото;<br>- Социјализација;<br>- Изградување на навики за културно однесување во разни средини;<br>- Почитување на други религии;<br>- Перманентно грижење за добиените задачи и задолженија и нивно одговорно решавање.<br>-  Го запознава светот на литературната и народната книжевност;<br>-  Ја развива фантазијата во говорното творештво;<br>-  Поставува прашања и дава соодветни одговори на поставените прашања;<br>-   Се стекнува со разбирање и доживување на содржината и пораката на литературните творби.<br>-   Го развива читањето  и самостојно врши анализа на сликовници,книги, лектири, и енциклопедии.<br>- Го развива читањето и самостојно ги анализира сопствените поетски и прозни творби.<br>- Го проширува знаењето со употреба на детски списанија (детски печат).<br>- Да знае правилно да го постави  прашањето  и да дава соодветни одговори на поставените прашања.<br><br>- Продлабочување на соработката со библиотеката во училиштето, зачленување на учениците во неа и користење на книги.<br>- Да научи да игра  во улоги (драматизација на текст).<br>- Да научи да глуми (куклена претстава).<br>- Да развиваат вештини и способности за саморасудување и саморазмислување;<br>- Да стекнува позитивен став кон училиштето; |

- Да остварува поголема кохезија меѓу училиштето и домашната средина.
- Да ги идентификуваат и разбираат своите чувства.
- Точно да ги препознаваат и разбираат чувствата на другите.
- Да го контролираат начинот на кој се чувствуваат.
- Да го обликуваат начинот на кој се однесуваат.
- Да се соживуваат со другите.
- Да градат и одржуваат добри односи со пријателите, семејството и другите.

## Постапки и иструменти за помошта при учење на учениците

**Следење на постигањата на учениците:**

- Активности,мотивираност за учење и соработка. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуаат постигањата (промените) на учениците , се прибираат показатели за нивните активности,мотивираноста за учење.Со цел да се воспостават врски помеѓу учењето ,поучувањето и насочувањето.
- Следење на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.
- При помош на учењето се базира врз користење на повеќе различни методи за намалување на слабостите и се земаат во предвит различни стилови и предиспозиции за учење на учениците. Се проверува напредокот во постигањата на учениците кон поставените цели на наставата .
- Учениците и родителите треба континуирано да имаат увид во помошта при учење .

| Начин и проверка на знаења: |
| --- |
| - Собирање на показатели (ученички проекти, индивидуални и практични задачи, полугодишни и годишни извештаи.<br>- Водење на евиденција за извршување на индивидуалните домашни задачи.<br>- Разговор – дијалог (наставник – ученик ).<br>- Проектни задачи. |